Врз основа на член 88 став 3, а во врска со член 86 ставови 1 и 2 и член 71 ставови 5 и 6 од Изборниот законик („Службен весник на РМ", бр.40/2006), Државната изборна комисија на седницата одржана на 23 септември 2008 година, донесе,

# ОДЛУКА

## за исплата за надоместокот на трошоците на организаторите на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2008 од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија

I. На организаторите на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2008 од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија им се исплатува надоместокот на трошоците во следните износи и тоа на:

1. Коалиција ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО- Демократска Партија за Македонско Национално Единство),Социјалистичка Партија на Македонија, Демократски Сојуз, Демократска Обнова на Македонија, Демократска Партија на Турците на Македонија, Демократска Партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, ВМРО-Македонска Обединета Партија за Еманципација, Партија на Правдата, Странка на Демократска Акција на Македонија- СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за Интеграција на Ромите, Народно Движење за Македонија, Бошњачка Демократска Партија, Партија на Зелените, Демократска Унија на Ромите, Работничко Земјоделска Партија на Р. Македонија и Партија за Целосна Еманципација на Ромите, во износ од 7.222.515,00 денари, на жиро сметка „за изборна кампања 2008„ број 210041716160253 – НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје.

2. Сонце коалиција за Европа: Социјалдемократски Сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска Партија, Либерално-демократска Партија, Либерална Партија на Македонија, Нова Алтернатива, Зелена Партија на Македонија, Партија на пензионерите на Р. Македонија и Демократски Сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, во износ од 3.499.260,00 денари, на жиро сметка „за изборна кампања 2008„ број 300000002717588 – Комерцијална Банка А.Д. Скопје.

3. Демократска Унија за Интеграција – ДУИ, во износ од 1.897.830,00 денари , на жиро сметка „за изборна кампања 2008„ број 200001768891507 - Стопанска банка А.Д. Скопје.

4. Демократска Партија на Албанците – ДПА, во износ од 1.223.340,00 денари на жиро сметка „за изборна кампања 2008„ број 290-4000085360-31 – ТТК Банка А.Д. Скопје Филијала Тетово.

5. Партија за Европска Иднина – ПЕИ, во износ од 217.110,00 денари, на жиро сметка „за изборна кампања 2008„ број 210-0609240303-16 – НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје.

**II.** Износот од надоместокот од точка **I** на оваа одлука се исплатува согласно Одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, број 07-3894/1 од 16 септември 2008, објавена во „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2008.

**III.** За реализација на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиско – материјално работење на Државната изборна комисија.

**IV.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број** 10-2379/1
24.09. **2008 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА**
**КОМИСИЈА**
Јован Јосивоски